Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-142/3
Датум: 15.04.2025г.

Постапувајќи по претставка бр. 08-142/1 од 24.1.2025 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на [redacted] во Скопје, против ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци"- Скопје, за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за отфрлање на претставката поради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-142/1 од 24.1.2025 година, поднесена од страна на [redacted] против ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци"- Скопје, за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи, **ПОРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**Образложение**

На ден 24.1.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на Јана Петревска, против ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци"- Скопје, за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи.

Според наводите од претставката, Градската библиотека „Браќа Миладиновци"- Скопје на ден 18.12.2024 година распишала Оглас за вработување на едно лице како самостоен библиотекарски помошник, со средно или високо образование, со најмалку две години работно искуство во струката, на неопределено време. Примена била [redacted], сопруга на сметководителот во библиотеката, која има средно образование.

Подносителката прашува како таа, како дипломиран професор по македонски јазик и книжевност со просек 9,20 и со работно искуство во библиотеката од јули 2017 година (како најдолго ангажиран договорец во библиотеката), е одбиена со образложение дека „„работно искуство во струка" е периодот евидентиран во Агенција за вработување како работен стаж, кој вработениот го поминал во работен однос после стекнување на определен степен и вид на образование и кој вршел работи и работни задачи за кој е потребен таков степен и вид на образование". Во однос на ова, подносителката истакнува дека во огласот се бара најмалку две години работно искуство, а не стаж, па оттука и службата на библиотеката е контрадикторна бидејќи ѝ издала потврда за работно искуство во струката, за потоа да излезе со образложение дека таа нивна потврда не е веродостојна, па со таа потврда нејзините документи не биле комплетирани.

Врз основа на ова, го поставува прашањето како и по кој критериум, без објавување на оглас, избраната кандидатка го стекнала тој стаж, иако е ангажирана пократок период во библиотеката од нејзе, како и зошто избраната кандидатка, иако со средно образование, е плаќана со вишо образование, а таа, договорец со високо образование, е плаќана со средно образование.

Наведува дека покрај избраната кандидатка, директорката [redacted] во „привилегираните" вметнала уште тројца договорци, нејзини миленици, на кои им плаќа придонеси и навремено им ја исплаќа платата, а на другите договорци платата им доцни

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

четири месеци. Оттука прашува дали и другите договорци, кои не ги придобиваат симпатиите на директорката, некогаш ќе дојдат до решение.

Последно истакнува дека уште една контрадикторност е што [redacted] е член и на Комисијата за избор и на Управниот одбор кој ја потврдил Одлуката донесена на Комисијата.

Во прилог на претставката беа доставени следните докази:

1. Биографија;
2. Копија од диплома за завршен прв циклус на студии;
3. Копија од Договор за Стипендија за талентирани студенти;
4. Пофалница за постигнат висок успех во студирањето;
5. Копија од пет документи за дополнителни достигнувања;
6. Потврда за работно искуство од ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци"-Скопје;
7. Копија од Известување од ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци"-Скопје;
8. Копија од Одлука за избор;
9. Копија од Приговор;
10. Копија од Жалба;
11. Копија од три барања и три одговори на барањата;
12. Копија од Одлуката и образложението од Управниот одбор.

Според член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство **што се заснова на дискриминаторска основа**, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Согласно со **член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Согласно со **член 24 став 2 од Законот**, доколку претставката не ги содржи потребните елементи или е нејасна, Комисијата ќе го задолжи подносителот да ја доуреди во рок од осум дена од денот на приемот на претставката.

Од причина што во претставката не беше наведена дискриминаторска основа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 17.2.2025 година испрати Барање за доуредување на претставката до [redacted]. Со барањето, Комисијата ја упати подносителката да ја доуреди претставката во насока што ќе наведе врз која дискриминаторска основа смета дека ѝ била извршена дискриминација и истата основа ќе ја образложи.

Видно од поштенската повратница, подносителката уредно го примила Барањето за доуредување на претставката на ден 1.3.2025 година, но до моментот на носење на овој заклучок, а по истек на законски предвидениот рок од 8 дена, претставката сѐ уште не беше доуредена.

Врз основа на наведеното Комисијата констатира дека претставката не ги содржи основните елементи за постапување предвидени со член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и дека не постојат услови истата да биде доуредена.

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]